**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk**

**Известување за концентрација со која АЛФИ Рењуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, и д.о.о., Крафтфелд Енерџи ГмбХ ќе стекнат заедничка кпнтрола врз ПВП Сајгнус С.Р.Л.**

**(предмет бр.08-143/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 15.05.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација која се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на АЛФИ Рењуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., друштво со ограничена одговорност за управување со алтернативни инвестициски фондови, кое е основано и работи во согласност со законите на Република Словенија, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, и **Крафтфелд Енерџи ГмбХ** , друштво со ограничена одговорност, кое е основано и работи во согласност со законите на Република Австрија, со регистрирано седиште на адреса Паркринг 4, 1010 Виена, Република Австрија, ќе стекнат заедничка контрола врз **ПВП Сајгнус С.Р.Л.** , друштво со ограничена одговорност, кое е основано и работи во согласност со законите на Романија, со регистрирано седиште во Букурешт, Округ 3, Романија, на адреса Друмул Гура Путнеј 45Х, 1ви кат, стан 5, соба 1.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**АЛФИ Рењуаблс** е словенечко друштво за управување со алтернативни инвестициски фондови, основано кон крајот на 2020 година, со регистрирана приоритетна дејност – управување со фондови (шифра на дејност: 6630).

АЛФИ Рењуаблс управува со специјализиран инвестициски фонд - АЛФИ фонд за зелени извори на енергија, Специјален инвестициски фонд, со регистрирано седиште на адреса улица Веровшкова 55А, 1000 Љубљана, Република Словенија, под регистарски број 8775958001, кој извршува активност на вложување на средства, собрани од различни инвеститори согласно неговата политика за инвестирање, во ветерни и фотонапонски електроцентрали кои произведуваат електрична енергија преку искористување на ветерна и сончева енергија како природни обновливи ресурси, по можност во фазата на изградба или во подоцнежната фаза на развој. Во примарен фокус на инвестирање на АЛФИ Фондот за зелена енергија се Словенија, Хрватска и Србија.

АЛФИ Рењуаблс и АЛФИ Фондот за зелена енергија се дел од поширока група под самостојна контрола на АЛФИ групата, поради што се сметаат за еден учесник на пазарот во смисла на член 5 од Законот за заштита на конкуренцијата.

АЛФИ групата е активна првенствено во управувањето со инвестиции и имоти, особено во областите на малопродажбата, наплатата на долгови и други алтернативни инвестиции. АЛФИ групата врши анализа на (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициските фондови, додека самото управување со инвестициите делумно им е доверено на други друштва во рамки на групата.

Во својот поширок состав, АЛФИ групата го има следново зависно друштво регистрирано во Северна Македонија:

— АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр.13, Гази Баба, Скопје, кое е активно со продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

**Крафтфелд Енерџи** е австриското друштво за обновливи извори на енергија кое специјализира во развој и управување со фотонапонски (соларни) електрани низ Централна и Источна Европа. Основано во 2009 година како Пресбург Партнерс, друштвото има реализирано проекти со обем на инвестиции што надминуваат ЕУР 300 милиони и моментално има капацитети од стотици мегавати за обновливи извори кои моментално се во фаза на развој на клучните пазари како што се Романија, Унгарија и Австрија. Од 2019 година, Крафтфелд Енерџи има развиено портфолио на соларни фарми во Унгарија, Романија и Австрија, придонесувајќи кон сопствениот континуиран развој на овие клучни пазари. Друштвото има канцеларии во Виена, Будимпешта и Букурешт и има развиено и управува со соларни фарми во шест европски земји.

Крафтфелд групата развива соларни проекти и проекти за складирање на енергија, вклучувајќи идентификација на локации, обезбедување на регулаторни дозволи, инженерство, набавка на опрема, реализирање на градежни работи, со цел долгорочно управување со проектите за продажба на произведената електрична енергија преку договори за откуп на електрична енергија или на пазарот во тековниот ден.

Крафтфелд групата не е присутна во Република Северна Македонија и нема остварено било какви приходи во Република Северна Македонија.

**ПВП Сајгнус** е романско друштво основано во 2021 година како друштво за посебна намена за развој на Проекти, со приоритетна дејност - производство на електрична енергија.

ПВП Сајгнус моментално е во завршна фаза за развој на два проекти во Романија, каде што секој проект вклучува систем за складирање на електрична енергија.

ПВП Сајгнус е основано исклучиво со цел за развој, изградба и управување со Проектите.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

Следствено, друштвото сè уште не е активно на пазарот, нема инсталиран капацитет и нема остварено било каков приход. По завршување на Проектите, друштвото ќе управува со фотоволтаичниот парк, односно ќе произведува и продава електрична енергија во Романија која е произведена од сончева енергија.

ПВП Сајгнус не е присутно во Република Северна Македонија и нема остварено било какви приходи во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

Скопје

10.10.2025 година

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**